Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15и 39/16),Општина Охрид, на ден година, 28.01.2021 донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.М.,Кластер за туризам за југозападна Македонија,Факултет за туризам и угостителство, ЈУ Национален парк Галичица, ХОТАМ, и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во, Општина Охрид, плански период (2020 – 2025), кој плански документ го изработува ФТУ Охрид на барање на Општина Охрид, а го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме

. Градоначалник

Место Д-р Константин Георгиески

Охрид

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, 2020 - 2025 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Ѓоко Апостолов |
| Назив на работното место | Раководител на Сектор за туризам и локален економски развој |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; 072/249 782 |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) /**

Произлегува од развојните програми на Општина Охрид, Законот за туристичка и угостителска дејност и Законот за локална самоуправа

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да☒

Не☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување**?

Се донесува нов плански документ

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

/

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:12 | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

### *Основна цел на туризмот во Општина Охрид*

Основната цел на туризмот во Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции.

### *Мисија на туризмот во Општина Охрид*

Општината Охрид туризмот го прифаќа како приоритетна дејност која е во функција на поттикнување на вкупниот општествен и економски развој.

### *Визија на туризмот во Општина Охрид*

Туризмот во Општина Охрид во планскиот период треба да обезбеди одржлив развој изразен преку заштита и унапредување на природното и културното наследство, а со селективноста и алтернативноста да овозможи социо-економски придобивки и да биде препознатлив на највисоко ниво во национални и меѓународни рамки.

Стратегијата ги опишува насоките за управување со дестинацијата во одреден временски период, со јасно дефинирани улоги и идентификувани активности, со определени средства, мерки и план за следење на имплементацијата.

| |
|---|
| |
| |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Туризам –краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на развојот на туризмот генерално,како и на развојот на еко – туризмот и на други видови на туризам. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2020-2025 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да X<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ** |
| Стратегијата за туризам на Општина Охрид се однесува на целата општина во нејзините територијални граници.Општина Охрид е сензитивно подрачје во чии рамки се наоѓа Националниот парк Галичица и споменикот на природата Охридско Езеро.<br>Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион.<br><br>За да се намалат потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ потребно е да се почитуваат следните аспекти предвидени во ***Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион*** **(Сл. весник на РСМ бр.45/20)**. :<br>- Контрола на крајбрежна трансформација за целите на масовен туризам;<br>- Контрола врз уредувањето на постојните плажи;<br>- Ограничување и контрола на водни спортови;<br>- Воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона;<br>- Воспоставување на одржлив културен и алтернативен туризам;<br>- Контрола врз концентрирањето и влијанијата од туристичките посети. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;** | Во однос на времетраењето и фреквентноста се очекуваат влијанија кои се поврзани со присуство на зголемен број туристи, возила и пловни средства.Овие влијанија во најголем дел се очекуваат во летниот период од годината. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата може да се разгледува во однос на нарушувањето на природните карактеристики на Охридското Езеро и Охридскиот регион кои се заштитени со закон |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на зголемена фреквенција на сообраќај, зголемено присуство на пловни објекти, несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на туристичките, економските и социјалните влијанија и ќе се овозможат нови вработувања. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** Исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион е резултат на комбинацијата од природните феномени со квалитет и разновидност на културното наследство - материјално и нематеријално.<br>Регионот на Охридското Езеро, мешовито добро што опфаќа 83 350 ha, беше впишан за неговите природни вредности во 1979 година, а за неговите културни вредности една година подоцна. Охридското Езеро е извонреден природен феномен кој е прибежиште за бројни ендемски и реликтни слатководни видови флора и фауна кои потекнуваат од терциерниот период. Древното езеро со тектонско потекло, односно ова длабоко езеро постои континуирано околу 2 до 3 милиони години. Неговите олиготрофни води чуваат над 200 вида растенија и животни кои се уникатни за езерото, вклучувајќи алги, сплескани црви, полжави, ракови и 17 ендемски видови риби, вклучително и два вида пастрмка, како и мноштво птици. Лоциран на брегот на Охридското Езеро, градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Изграден меѓу VII и XIX век, тој бил седиште на најстариот словенски манастир (посветен на св. Пантелејмон) и на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани меѓу XI и крајот на XIV век. Охридската архитектура е најдобро зачуваната и најцелосната збирка на урбана архитектура во овој дел на Европа. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Со археолошките истражувања се откриени седум базилики во стариот дел на Охрид (ова сигурно не е конечниот број), кои датираат од периодот меѓу IV, V и почетокот на VI век, а содржат такви архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава на античкиот Охрид (Лихнид), во овој поглед. Структурата на градското јадро е збогатена со голем број археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики, кои имаат бројни мозаични подови. Посебно место во градителското наследство на Охрид припаѓа на нејзината стара урбана архитектура, особено поради фактот дека на оваа локација може да се види добро зачувана доцноосманлиска урбана | |

| | |
|---|---|
| резиденцијална архитектура од XVIII и XIX век со традиционално локално влијание. Ограничениот простор за градежни активности довел до формирање на многу тесни улици.<br><br>Националниот парк Галичица претставува „жариште“ на биолошката разновидност на Балканот и во Европа. Исклучителното богатство на живеалишта и видови го издвојува паркот од други подрачја со слична големина. На нешто помалку од 25 000ха се среќаваат повеќе од 35 типови живеалишта, 40 растителни заедници, околу 1600 таксони од васкуларните растенија,над 143 видови лихеноидни габи, повеќе од 480 видови габи и преку 3.231 таксони од фауната. Богатата биолошка разновидност во паркот има големо национално,европско и глобално значење. Од живеалиштата кои се ретки или загрозени во Европа, во Паркот се среќаваат десет типови шумска , два типа грмушеста,четири типови тревеста и два типа хазмофитска вегетација. Од европско значење се и два типа на водни живеалишта и три типови на живеалишта поврзани со подземните геоморфолошки форми. Бројот на видови од глобално, европско и национално значење е навистина голем.Во Паркот се среќаваат 4 таксони од безрбетните и 13 од рбетниците кои се сметаат за глобално загрозени. Неколку стотини ретки и заштитени видви во Паркот се претставени со значајни популации. Бројните ендемични видови на Паркот му даваат посебно обележје. Некои од нив се среќаваат само во границите на Паркот, и тоа:29 таксони од алги, 13 видови васкуларни растенија, 68 таксони од безрбетните и 4 таксони од рбетните животни. Покрај тоа Паркот го naselуваат поголем број таксони кои се среќаваат само во Македонија или на Балканот, и тоа:46 таксони виши растенија, 89 таксони безрбетници и 14 таксони рбетници. Голем е и бројот на видови во Паркот кои се привлечни и лесно препознатливи за посетителите и локалното население и како такви се основа за развој на туризмот.Меѓународното значење на биолошката разновидност во Паркот е потврдено со бројни номинации, како на пример:„Емералд подрачје“,„Значајно растително подрачје“,„Примарно подрачје за пеперутки“, „Биосферен резерват Охрид-Преспа“, „Светско наследство на УНЕСКО“,а потенцијално и „Натура 2000 подрачје“.<br>Од другите природни вредности на Паркот, значајни се Стара Галичица и островот Голем Град, кои по своите севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, како и тревните тераси на Стара Галичица кои со одредени свои карактеристики се единствени или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Најважна карактеристика на овој регион е постоењето на Охридското Езеро и НП Галичица кои изобилуваат со богата флора, фауна и ендемични видови и обласа е еколошки чиста. Лоциран на брегот на Охридското Езеро, градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Изграден меѓу VII и XIX век, тој бил седиште на најстариот словенски манастир (посветен на св. Пантелејмон) и на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани меѓу XI и крајот на XIV век. Охридската архитектура е најдобро зачуваната и најцелосната збирка на урбана архитектура во овој дел на Европа. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Со археолошките истражувања се откриени седум базилики во стариот дел на Охрид (ова сигурно не е конечниот број), кои датираат од периодот меѓу IV, V и почетокот на VI век, а содржат такви архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава на античкиот Охрид (Лихнид), во овој поглед. Структурата на градското јадро е збогатена со голем број археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики, кои имаат бројни мозаични подови. Посебно место во градителското наследство на Охрид припаѓа на нејзината стара урбана архитектура, особено поради фактот дека на оваа локација може да се види добро зачувана доцноосманлиска урбана резиденцијална архитектура од XVIII и XIX век со традиционално локално влијание. Ограничениот простор за градежни активности довел до формирање на многу тесни улици. |

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Може да има влијание врз квалитетот на животната средина, зголемена бучава,како и влијание на квалитетот на површинските и подземните води како резултат на несоодветно управување со отпадот. |
| Интензивна употреба на земјиштето | нема |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Со реализацијата на планскиот документ се очекуваат следните влијанија врз животната средина:<br>-Биодиверзитетот<br>-Почвата<br>-Водата<br>--Воздухот |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со имплементација на планираните активности во Стратегијата за туризам се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на приходи од различни такси и закуп на простор за туристички цели што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нејзина надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Територијата на Општина Охрид се протега на површина од 378,3км2 и просторно припаѓа во охридскиот регион заедно со општините Струга и Дебарца.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во РСМ, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи. Нивната конкурентност и прифатливи на туристичкиот пазар треба да подразбира рационално користење. Оптималноста треба да се постигне со издржано стратегиско планирање и развојна проекција која ќе има оперативен карактер. Развојот на Охрид како најпривлечна туристичка дестинација се темели на долгата традиција, посветеноста на менаџментските структури во управувањето со општината, засегнатите страни вклучени во оваа дејност и условите кои подразбираат поврзаност на атрактивната и рецептивната развојна основа.

Одржливиот развој на туризмот во оваа туристичка дестинација има посебно значење затоа што ресурсите за развој се со изразита димензија. Тој е туризмот е поттикнувач на вкупниот стопански сектор, урамнотежувачки фактор на недоволно развиените, претежно рурални средини и акцелератор на социјалниот и културниот подем. Стратегиското планирање на туризмот во општината треба да ги валоризира и оптимално користи своите ресурси со оглед на богатството што го поседува, како во природната така во културната сфера, што го негово го определува како приоритетна категорија. Одржливиот туристички развој треба да се прифати како дејност во која вреди да се инвестира, да се прецизираат придобивките од неговиот развој, да се подобри интересот на домашната и меѓународната јавност и да биде фундамент врз кој ќе се донесуваат други акти, планови и програми. Стратегијата треба да придонесе за подобрување на квалитетот на живеење, подигање на нивото на задоволство од престојот на посетителите, перманентно унапредува квалитетот на услугите, освојување на нови вредности, подобрување на промотивните активности и ширење на доменот на насоченост на туристичката понуда кон емитивни зони со различна сегментација на туристичка клиентела.

Успешниот развој на туризмот во наредниот петгодишен период подразбира втемелена визија, со утврдени главни столбови за идниот развој како најуспешна туристичка дестинација во РСМ.

Исто така, тој подразбира дефинирани стратегиски цели, диференцирани селективни видови туризам и проектирани придобивки во овие временски рамки.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Националните политики и легислативата за управување со заштитените подрачја, како во случајот со Охрид и Охридскиот регион претставуваат цел еден сет на правни акти и стратешки документи кои треба да обезбедат заштита и унапредување на вредностите на заштитените подрачја од една страна, и одржлив развој на просторните целини каде што тие вредности се наоѓаат од друга страна. Охрид и Охридскиот регион се подрачје со впишана исклучителна универзална вредност од страна на УНЕСКО и регионот се наоѓа на листата на светското наследство под ревидиран назив: Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Одлука 30 COM 8B.9, од 2006 година на Комитетот за светско наследство), а во исто време регионот е дел од Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа (Одлука SC-14/CONF.226/8/REV на МАБ Комитетот на УНЕСКО од 2014 година).

***Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр.75/10)***

Ова е матичниот закон кој го нормира управувањето со светското природно и културно наследство во Охрид и Охридскиот Регион. Во него се пропишуваат елементите во функција на управување со наследството како обврски преземени според Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО, и се одредуваат субјектите кои имаат права и обврски во однос на управувањето со светските вредности во регионот како и нивната заштита. Во целите на овој Закон се потенцира потребата од создавање на услови за одржлив развој на државата и на општините кои се во склоп на заштитеното подрачје, Охрид, Струга и Дебрца, преку соодветно користење на светското природно и културно наследство. Но исто така, се потенцира и спречувањето на активности кои негативно влијаат врз неговите исклучителни вредности. Во таа насока во Чл.28 се утврдува користењето на светското природно и културно наследство, а меѓу другото се посочува дека тоа се „користи на начин кој овозможува негово зачувување во изворна состојба, зачувување на интегритетот и се оспособува да служи за задоволување на културните, научните, образовните, естетските, верските, економските, туристичките и други потреби на граѓаните и општеството." Препознавајќи ги заканите, во Чл.5 во точка 1, се дефинира дека „Светско природно и културно наследство во опасност е природно и културно наследство на кое му се заканува сериозна и конкретна опасност како што се закана од уништување поради забрзано пропаѓање предизвикано од спроведување на проекти на големи јавни и приватни работи, урбан и туристички развој...".
Во насока на зачувување на вредното природно и културно наследство на охридскиот регион и промовирање на одржливиот развој донесен е и:
**План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029)**

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**

Важен дел на националните политики во однос на третманот на заштитените подрачја се стратешките документи. Туку со нив се обезбедуваат стратешките цели, мерки и активности неопходни за еден активен и одржлив третман на вредностите во заштитените подрачја. Во таа насока, најважниот документ кој треба да го обезбеди балансот помеѓу заштитата и развојот е ***Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот***

***Регион*** **(Сл. весник на РСМ бр.45/20)**. Така во него се нагласува дека овој план е: *првиот чекор кон дефинирање на обмислена политика за управување со природното и културното наследство и соодветно промовирање на светското значење на Охридскиот Регион.* Природно е тоа што туризмот има важно место во деловите на планот и тоа во позитивен и негативен контекст. Така, уште на почетокот на документот, како една од главните закани кон интегритетот на доброто е неговиот неконтролиран, некоординиран урбан развој и притисоците од туризмот, додека на крајот, во делот на други вредности кои ги има Регионот, се споменува туризмот, како можност за развој со почитување на заштитниот третман на природното и културното наследство, за да се заклучи дека недостасува јасно дефинирана визија на туристичкиот производ на локално ниво и стратешки не се одредени целите за одржлив развој на Регионот.

Туризмот има свое место и во визијата на Планот за управување, каде се потенцира дека Регионот ќе претставува атрактивна дестинација за сите. Препознатливите обележја ќе се афирмираат како брендови на Регионот, притоа, природното и културното наследство ќе се афирмира со развојот на еко-туризмот и другите форми на алтернативен туризам. Како одговор на идентификуваните закани, во Планот за управување се воспоставуваат цели и мерки кои треба да се преземат. Во делот на утврдената закана – Неодржлив туризам, поставена е цел – Развивање на одржлив туризам, со следните мерки:

- Контрола на крајбрежна трансформација за целите на масовен туризам;
- Контрола врз уредувањето на постојните плажи;
- Ограничување и контрола на водни спортови;
- Воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона;
- Воспоставување на одржлив културен и алтернативен туризам;
- Контрола врз концентрирањето и влијанијата од туристичките посети.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Општината Охрид како туристичка дестинација зазема посебно место во националните стратегии, што значи дека е тесна поврзаноста на стратегискиот развој на општината со реализацијата на активностите утврдени во документите од овој вид на национално ниво. Затоа проценката на реализираните активности и главните цели на овие документи како и националните политики и легислативни овозможуваат да се дојде до определби кои взаемно треба да се спроведуваат. Со оглед на тоа дека туризмот во Општина Охрид е дел од одржливиот, економски развој и руралниот развој тој се усогласува во ваквите стратегиски заложни. Посебно е важно да се сочува и унапреди заштитата во рамките на УНЕСКО, аналитичко планирање на овој план.

Стратегиските развојни компоненти во идниот период се темелат на тековните состојби, што подразбира аналитички приод на карактеристиките на туризмот на глобален план и во рамките на регионално и национално ниво. Преку анализата на понудата и побарувачката се определува карактерот на туризмот како пазарна категорија, од чија реализација произлегуваат економските импакти и развојните економски трендови. Во овој контекст посебно место заземаат факторите кои се идентификувани низ призма на дестинациска поврзаност и достапност, ДМО, расположливоста на финансиски средства, односно буџет и негова структура, рецептивните капацитети, поддршката, туристичките развојни зони, демографските и човечните ресурси и планските документи.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се**

**користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За реализација на системот за заштита на животна средина потребно е да се почитува :
-Селектирано и организирано депонирање на отпадот на депонијата Буково
-Озеленување на дворните површини
-Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот
-Изградба на современа инфраструктура
-Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадувањето на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина како пред оштетувањето
-Доследно спроведување на Стратегијата за туризам

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Д-р Константин Георгиески |
| Датум 28.01.2021г.<br>Место Охрид | М.П. |